**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 ноември 2019 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1,2] (ОФИ): трет квартал на 2019 година

- **Вкупните средства на ОФИ во третиот квартал на 2019 година изнесуваат 119.254 милиони денари.** Гледано по потсектори, најголем дел од овие средства им припаѓаат на пензиските фондови (учество од 63,5%), а по нив следуваат осигурителните друштва (учество од 20,9%).

- Во овој квартал, **остварен е квартален и годишен раст на вкупните средства на ОФИ од 3,6% и 14,8%, соодветно.** Нагорната квартална промена главно е резултат на зголемените средства кај пензиските фондови (учество во растот од 84,1%), како и на останатите сектори, со исклучок на инвестициските фондови, кои остварија квартален пад. Пензиските фондови остварија позначаен придонес и во годишниот раст, кој е надополнет со растот на средствата и на осигурителните друштва, другите ОФИ и инвестициските фондови.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[3]

| | Кв. 3 2018 | Кв.4 2018 | Кв.2 2019 | Кв.3 2019 | Квартални промени | | Годишни промени | | Промени во однос на крај на година | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кв.3 2019/Кв.2 2019 | | Кв.3 2019/Кв.3 2018 | | Кв.3 2019/Кв.4 2018 | | |
| | Состојби, во милиони денари | | | | милиони денари | % | милиони денари | % | милиони денари | % | % |
| **1. Останати финансиски институции** | **103.908** | **104.277** | **115.116** | **119.254** | **4.138** | **3,6** | **15.346** | **14,8** | **14.977** | **14,4** | **100** |
| 1.1 Осигурителни друштва | 22.517 | 22.634 | 24.363 | 24.977 | 615 | 2,5 | 2.460 | 10,9 | 2.344 | 10,4 | 20,9 |
| 1.2 Пензиски фондови | 66.109 | 65.941 | 72.289 | 75.769 | 3.480 | 4,8 | 9.660 | 14,6 | 9.828 | 14,9 | 63,5 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 6.606 | 6.401 | 7.913 | 7.680 | -233 | -2,9 | 1.074 | 16,3 | 1.279 | 20,0 | 6,4 |
| 1.4 Други ОФИ | 8.676 | 9.302 | 10.551 | 10.828 | 276 | 9,0 | 2.152 | 74,2 | 1.526 | 53,1 | 9,1 |
| 1.4.1 Финансиски друштва | 2.761 | 2.994 | 3.537 | 3.684 | 147 | 4,1 | 923 | 33,4 | 690 | 23,1 | 3,1 |
| 1.4.2 Лизинг друштва | 4.592 | 4.967 | 5.483 | 5.560 | 77 | 1,4 | 968 | 21,1 | 593 | 11,9 | 4,7 |
| 1.4.3 Друштва за управување со пензиски и инвестициски фондови | 1.324 | 1.341 | 1.531 | 1.584 | 53 | 3,5 | 260 | 19,7 | 243 | 18,1 | 1,3 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

[2] Во август 2018 година е направена ревизија на податоците за првиот квартал на 2018 година заради примена на нова методологија согласно со новиот Прирачник и новото Упатство за монетарна и финансиска статистика на ММФ од 2016 година. Клучни се две промени. Првата се однесува на промената на третманот на финансиските инструменти деноминирани во денари со валутна клаузула, коишто согласно со новата методологија од категоријата „денари" се прераспределени во категоријата „странска валута". Втората промена е во прикажувањето на исправката на вредноста на финансиските инструменти, којашто наместо во капиталот се прикажува во рамки на категоријата „останати обврски". За повеќе информации види на следнава врска: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf.

[3] За потребите на ова соопштение, во категоријата „Други ОФИ" се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг

- Од аспект на финансиски инструменти, во **структурата на средствата на ОФИ** најзначајни се должничките и сопственичките хартии од вредност[4] (збирно учество од 67,8%), а во **структурата на обврските** се техничките резерви на осигурување[5] и капиталните сметки[6] (збирно учество од 91,0%).

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв. 3 2019

| | Вкупно ОФИ | | Пензиски фондови | | Осигурителни друштва | | Инвестициски фондови | | Други ОФИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **Вкупни средства** | **119,254** | | **75,769** | | **24,977** | | **7,680** | | **10,828** | |
| Валути и депозити | 21,524 | **18.0** | 10,209 | 13.5 | 6,927 | 27.7 | 3,402 | 44.3 | 985 | 9.1 |
| Хартии од вредност различни од акции | 54,774 | **45.9** | 43,181 | 57.0 | 9,037 | 36.2 | 1,840 | 24.0 | 717 | 6.6 |
| Кредити | 7,485 | **6.3** | 0 | - | 163 | 0.7 | 19 | 0.2 | 7,303 | 67.4 |
| Акции и останат сопственички капитал | 26,153 | **21.9** | 22,357 | 29.5 | 1,320 | 5.3 | 2,409 | 31.4 | 66 | 0.6 |
| Технички резерви на осигурување | 1,308 | **1.1** | 0 | - | 1,308 | 5.2 | 0 | - | 0 | 0.0 |
| Финансиски деривати | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | 0.0 |
| Останати средства | 4,922 | **4.1** | 21 | 0.0 | 4,552 | 18.2 | 9 | 0.1 | 339 | 3.1 |
| Нефинансиски средства | 3,088 | **2.6** | 0 | - | 1,671 | 6.7 | 0 | - | 1,417 | 13.1 |
| **Вкупни обврски** | **119,254** | | **75,769** | | **24,977** | | **7,680** | | **10,828** | |
| Кредити | 6,333 | **5.3** | 0 | - | 389 | 1.6 | 0 | - | 5,944 | 54.9 |
| Технички резерви на осигурување | 68,917 | **57.8** | 54,706 | 72.2 | 14,211 | 56.9 | 0 | - | 0 | - |
| Останати обврски | 4,448 | **3.7** | 465 | 0.6 | 2,358 | 9.4 | 50 | 0.6 | 1,574 | 14.5 |
| Капитални сметки | 39,556 | **33.2** | 20,598 | 27.2 | 8,019 | 32.1 | 7,630 | 99.4 | 3,310 | 30.6 |

Извор: НБРСМ.

- **Анализирано по инструменти**, на страна на средствата, главен двигател на кварталниот раст се вложувањата во должнички хартии од вредност, при дополнителен позитивен придонес и на сопственичките вложувања. Од друга страна, умерено квартално намалување остварија валутите и депозитите. Годишниот раст се должи на зголемените вложувања кај сите инструменти, во најголем дел вложувања во должнички хартии од вредност и дополнителен позитивен придонес на валутите и депозитите, сопственичките вложувања и кредитите. На страната на обврските, растот на квартално ниво и на годишно ниво во најголем дел произлегува од зголемувањето на техничките резерви на осигурување[7] и капиталните сметки.

[4] Должничките хартии од вредност (ДХВ) се однесуваат на хартиите од вредност различни од акции согласно со меѓународната класификација на финансиските инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.

[5] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).

[6] Капиталните сметки ги опфаќаат: сопственичките вложувања, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва и вредносните приспособувања.

[7] Во вториот квартал од 2019 година, зголемувањето на техничките резерви на осигурувањето на ОФИ (конкретно пензиски фондови) е резултат на промената во законската регулатива за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.







Извор: НБРСМ.

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- **Вкупните средства на пензиските фондови (задолжителни и доброволни)[8],** во третото тримесечје на 2019 година бележат квартално и годишно зголемување од 4,8% и 14,6%, соодветно. Квартална стапка на раст пред сѐ е резултат на зголемените инвестирања во должнички хартии од вредност, во услови на пад кај валутите и депозитите. Најголем придонес кон годишниот раст имаат вложувањата во должнички хартии од вредност, при позитивен придонес и на валутите и на депозитите и сопственичките вложувања. На страната на обврските, кварталниот и годишниот раст се должат на зголемените технички резерви на осигурување[9] (нето-капиталот на домаќинствата) и со повисоките капитални сметки поради остварената поголема добивка од тековната година.




Извор: НБРСМ.

[8] Заклучно со 30.9.2019 година во сериите на податоци е вклучен еден нов пензиски фонд, со податоци од кв. 2 и кв. 3 2019 година.
[9] Види претходна фуснота.

- Во третиот квартал од 2019 година, **вкупните средства на осигурителните друштва**[10] забележаа раст од 2,5% на квартална основа и пораст од 10,9%, на годишна основа. Притоа, кварталниот раст е резултат на повисоките вложувања во валути и депозити, додека годишниот раст е одраз на зголемените валутите и депозитите и вложувањата во должнички хартии од вредност (речиси идентичен придонес), како и на сопственичките хартии од вредност. На страната на обврските, кварталниот раст се должи на зголемените технички резерви на осигурување, капиталните сметки и кредитите, кој е делумно неутрализиран со падот на останатите обврски. Растот на годишна основа во најголем дел се должи на техничките резерви на осигурување, при позитивен придонес и на другите инструменти.



Извор: НБРСМ.

- **Вкупните средства на инвестициските фондови**[11] бележат квартален пад од 2,9% во овој квартал, што во целост произлегува од намалените валути и депозити. Годишната стапка на раст изнесува 16,3% и е резултат на повисоките вложувања во сопственички и должнички хартии од вредност. На страната на обврските, капиталните сметки (пред сѐ сопственичките вложувања) се причина за промените на квартално и годишно ниво.

---

[10] НБРСМ тековно ја известуваат сите шеснаесет осигурителни друштва коишто се вклучени во регистарот на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), од кои единаесет за неживотно осигурување и пет за животно осигурување.

[11] Во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ), тековно се опфатени шестнаесет отворени и седум приватни инвестициски фондови, при што НБРСМ ја известуваат дваесет и два фонда.




Извор: НБРСМ.

- **Кварталната и годишната стапка на раст на вкупните средства на другите ОФИ**[12,13,14,15] во третото тримесечје на 2019 година изнесува 2,6% и 24,8%, соодветно. Кварталниот и годишниот раст главно се резултат на зголемувањето на одобрените кредити од страна на финансиските и друштвата за лизинг. На страна на обврските, нагорната промена на квартална основа се должи на обврските врз основа на кредити и капиталните сметки, додека годишниот раст главно е резултат на обврските врз основа на кредити.




Извор: НБРСМ.

---

[12] Почнувајќи од првиот квартал на 2014 година, вклучени се податоците за новите известувачи финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг. Во податоците тековно се опфатени дваесет и едно финансиско друштво и седум друштва даватели на финансиски лизинг.
[13] Во четвртиот квартал на 2017 година во сериите податоци е вклучено ново финансиско друштво (штедилница којашто се пререгистрира во финансиско друштво), промена којашто има влијание врз годишните стапки на промена.
[14] Во текот на 2018 година во сериите на податоци се вклучени две нови друштва за управување со инвестициските фондови.
[15] Заклучно со 30.9.2019 година во сериите на податоци се вклучени нови известувачи (едно финансиско друштво и едно друштво за управување со пензиски фондови), со податоци од кв. 2 и кв. 3 2019 година.

***

**Ревизии на податоци**

Податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение содржат ревизии на податоците за периодот декември 2017 година – јуни 2019 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известувачите. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-finansiskite-institucii---kvartalni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_statistika_18_01_2018_mak.pdf

Информација за методолошки измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 21 февруари 2020 година (референтен пресек заклучно со четвртиот квартал на 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).